РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ СКОПЈЕ
Бр. 02-971/5
07.03. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 11 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018), во врска со член 21 став (1) т. 11 од Статутот на Националната установа Македонска опера и балет, Управниот одбор на Националната установа Македонска опера и балет, на 18-та Седница одржана на 07.03.2019 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА АУДИЦИИТЕ ВО МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

## Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се регулира начинот на спроведување на аудиција заради засновање на работен однос, заради распоредување и унапредување (освен за распоредување и унапредување на оперските солисти-првенци и за балетските солисти), како и во други случаи на укажана потреба за аудиција, органот кој ја спроведува аудицијата и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за аудиција.

Член 2

Врз основа на резултатите од спроведената аудиција се утврдува дали одговараат стручните и уметничките способности на кандидатот со потребните услови кои се бараат за работа на одредено работно место за кое кандидатот се пријавил.

Член 3

Уметници во МОБ кои се должни да полагаат аудиција се:

- Оперски солисти
- Хористи
- Хор мајстор и асистент хор мајстор
- Корепетитор (во Опера и во Балет)
- Диригент
- Оркестарски уметници
- Балетски уметници.

Член 4

На аудиција може да се јават кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот оглас за вработување или интерниот оглас за унапредување, објавени во дневниот печат, на web страницата на МОБ, и останатите јавни гласила во кои МОБ е должна да го објави огласот, а според условите во актот за систематизација на работните места во МОБ.

Составен дел на овој правилник е Програмата за аудиција, која ќе биде достапна за кандидатите со објавувањето на огласот за пополнување на работно место.

Аудицијата се снима (аудио, а по потреба и видео), по претходна одлука на комисијата, нотирана во записникот. Снимките од аудицијата се чуваат трајно во одделението за документација на МОБ.

**Орган за спроведување на аудиција**

Член 5

Аудицијата ја спроведува комисија, формирана со решение од страна на директорот, а на предлог на уметничкиот раководител на Операта односно Балетот на МОБ.

Комисијата за спроведување на аудиција се состои од најмалку пет члена (и тројца членови - заменици) од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка.

По потреба, еден од членовите може да биде од редот на истакнати уметници надвор од установата.

На аудицијата, присуствува уметничкиот раководител на Операта/Балетот, без право на глас.

**Постапка за спроведување на аудиција**

Член 6

На аудиција се повикуваат кандидатите кои ја поминале постапката за селекција врз основа на пријавата и доставените документи, односно лицата кои ги исполнуваат формалните услови наведени во огласот, а се во согласност со општите акти на МОБ.

За денот и часот на одржување на аудицијата, кандидатите се известуваат преку огласна табла, на веб страница на МОБ и на телефонскиот број кој го означиле на пријавата. Кандидатите кои се уредно повикани, а не се јавиле на аудиција, се смета дека се откажале од натамошното учество во постапката.

Член 7

Дирекцијата на Операта односно Балетот, ги координира членовите на комисијата во врска со обезбедувањето на нивно присуство на аудицијата, и ги обезбедува потребните материјали и формулари во врска со работата на комисијата.

Ако член на комисијата не се појави на аудиција, на негово место стапува еден од заменицките.

**Начин на спроведување на аудицијата**

Член 8

Аудицијата е јавна.

Комисијата, по сопствена проценка, може да ја затвори аудицијата за јавноста, доколку процени дека поединци или група од слушатели го нарушуваат редот, а со тоа некои од кандидатите ги ставаат во нерамноправна ситуација.

Одлуката за затворање на аудицијата, задолжително се внесува во записникот.

**Начин на спроведување на аудицијата во Операта**

Член 9

Редоследот на настапувањето на кандидати се утврдува со извлекување на редни броеви непосредно пред почетокот на аудицијата.

Аудиците за работните места во Операта, се одржуваат во две фази, и тоа:

1. зададена композиција, согласно програмата за аудиција, условена од спецификата на работното место кое е огласено, и
2. зададени оркестарски делници, согласно програмата за аудиција, условена од спецификата на работното место и програма која му се дава на кандидатот да ја чита на самата аудиција (prima vista).

Зададената композиција, се изведува позади завеса.

Гласањето по првата фаза е тајно, без расправа за кандидатот, по пат на гласање на претходно подготвени ливчиња, кои ги содржат редните броеви на кандидатите, со позитивна оценка (ДА) или негативна оценка (НЕ).

За премин на кандидатот во следната фаза потребни се повеќе од половината гласови од вкупниот број членови на комисијата, односно најмалку три оценки со ДА.

Доколку ниеден кандидат по завршување на гласањето не оствари потребен број на гласови, аудицијата се поништува.

Во втората фаза, комисијата гласа со оценување на кандидатите со оценка од „5“ до „10“, за секој кандидат посебно. Формуларот на кој се гласа ќе го утврди дирекцијата на Операта/Балетот, во кој ќе бидат содржани елементите за оценување (на пример, распон и квалитет на гласот, интерпретативни способности на кандидатот, интонација, ритам и слично), зависно од спецификата на работното место за кое се полага аудицијата.

Во случај, два или повеќе кандидати да добијат еднаков број на гласови од комисијата, се пристапува кон рангирање на кандидатите, според тоа кој кандидат колку највисоки оценки добил.

**Начин на спроведување на аудицијата во Балетот**

Член 10

Аудиците за работните места во Балетот, се во форма на балетски час кој го одржува балетски педагог, а се изведуваат вежби согласно утврдената програма.

Комисијата може да утврди и дополнителни критериуми, кои ќе ги применува како помошни.

Комисијата гласа со оценување на кандидатите со оценка од „5“ до „10“, за секој кандидат посебно, при што оценката „5“ значи дека кандидатот не ја положил аудицијата. Формуларот на кој се гласа ќе го утврди дирекцијата на Балетот, во кој ќе бидат содржани

елементите за оценување (во врска со играчките способности, физичкиот изглед-висина и тежина и слично), зависно од спецификата на работното место за кое се полага аудицијата.

Во случај, два или повеќе кандидати да добијат еднаков број на гласови од комисијата, се пристапува кон рангирање на кандидатите, според тоа кој кандидат колку највисоки оценки добил.

**Записник од спроведената аудиција**

Член 11

За спроведената аудиција се составува записник/извештај кој го потпишуваат сите членови на комисијата. Записникот ги содржи следните податоци: датум, време и место на одржување на аудицијата, број на огласот, кандидати кои се повикани на аудиција, кандидати кои се јавиле на аудиција, освоени бодови од прва фаза на аудиција, освоени бодови од втора фаза на аудиција, (односно освоени бодови од аудицијата за балетски играчи), ранг листа на кандидати со збир на оценки и мислење за секој кандидат, име, презиме и потпис на членовите на комисијата.

Записникот со ранг листа на кандидати и збирни оценки за секој кандидат, комисијата го доставува до директорот, заради донесување одлука за избор. Во прилог на записникот се доставуваат листите од оценувањето во двете фази од спроведената аудиција, односно од аудицијата за балетските играчи.

Член 12

Врз основа на доставениот записник од комисијата, директорот донесува одлука за избор на кандидат, а по конечноста на одлуката за избор, се донесува решение за вработување/унапредување и се склучува договор, согласно законските одредби.

Член 13

Незадоволните кандидати имаат право на жалба до Управниот одбор на МОБ, во рок од осум дена од приемот на одлуката за избор.

**Преодни и завршни одредби**

Член 14

Доколку се појави потреба од спроведување на аудиција за работно место за кое не е утврдена постапка за аудиција со овој Правилник, комисијата, може да спроведе соодветна постапка за аудиција прилагодена за таков вид работно место.

Начинот и условите за распоредување и унапредување за оперските солисти-првенци и за балетските солисти, со оглед на спецификата на работните места ќе се утврди со посебен акт.

Член 15

Овој Правилник го донесува Управниот одбор на МОБ.

Измените и дополненијата на овој Правилник се вршат на начин и постапка пропишани за негово донесување.

Член 16

Со стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за аудиција на број 01-779/1 од 26.02.2008 година.

Член 17

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесување.

Правилникот ќе се објави на огласна табла и на веб страната на установата.

Бр. 02- 971/5
07.03. 2019
Скопје

Претседател на Управен одбор,
Сања Шуплевска

**Кандидат** ________________________________________

**Глас** ________________________________________

| **Музичко дело** | |
|---|---|
| **Уметнички впечаток**<br>**(музикалност,фразирање, интонација)** | |
| **Prima vista (брзина на читање, интонација, ритам)** | |
| **Општо мислење за кандидатот** | |

ОПЕРА НА НОБ

Член на Комисијата:___________________________________

Дата:

**Кандидат** ___

**Инструмент** ___

| | |
|---|---|
| **Музичко дело** | |
| **Уметнички впечаток**<br>**(музикалност,фразирање, интонација)** | |
| **Prima vista (брзина на читање, интонација, ритам)** | |
| **Општо мислење за кандидатот** | |

ОПЕРА НА НОБ

Член на Комисијата:___________________________________

Дата:

**Кандидат ___________________________________________**

**Глас**

---

| |
|---|
| **Музичко дело** |
| **Уметнички впечаток**<br>**(музикалност, интонација, фразирање, познавање на нотен текст и текстот на улогата која ја толкува, начин на толкување и стилска изведба на улогата)** |
| **Наслови на претходно изведени улоги** |
| **Општо мислење за кандидатот** |

Член на комисијата:

Дата:

**Кандидат**

---

**Балетски уметник -**

---

| **Балетски час** | **Уметнички впечаток** | **Техничка подготвеност** | **Општа подготвеност** |
|---|---|---|---|
| **1. Вежби на стап** | | | |
| **2. Средина** | | | |
| **3. Скокови** | | | |
| **4. Вежби на шпиц патики (за жени)** | | | |
| **5. Музикалност** | | | |
| **6. Физички изглед** | | | |
| **7. Одиграни улоги (епизодни, соло, втори, први и вкупно одиграни претстави)** | | | |
| **Општо мислење за кандидатот** | | | |

**БАЛЕТ НА НУ НОБ**

**Член на Комисијата:___________________________________________________________**

**Скопје, _______________ 201___ година**